# ПРАКТИЧНА РАБОТА

## СО ДИСО



FACE
FAMILIES AND
CHILDREN
IN EDUCATION

# Помогнете им на учениците да ја развијат својата креативност

Развивањето на животните вештини не само што вклучува умствена работа туку вклучува и практична работа. Преку создавањето на продукти самостојно, во пар или во мала група, учениците се стекнуваат со важни вештини како што се соработката и комуникацијата. Исто така, тие ја развиваат и својата креативност која може да ја применат во сите области на учење.

ДИСО (Децата и семејствата во образованието) ги зајакнува сите форми на учење кои се засновани на конкретни задачи и на соработка, кои се насочен кон изготвување конкретен производ. Различните активности за практична изработка во ДИСО опфаќаат различни области на учење и лесно може да се применат во други предмети, како што се уметност, математика, општество, техничко образование, природни науки итн.

Наставниците треба да ги прилагодат задачите според условите во окружувањето и способностите на учениците.

PH ZH
IPE – INTERNATIONAL PROJECTS IN EDUCATION
ZURICH UNIVERSITY OF TEACHER EDUCATION

Издадено во 2017
Универзитет за образование на наставници Цирих,
Центар за Интернационални проекти во образованието - IPE
www.phzh.ch/ipe

# СОДРЖИНА

4
Алка на пријателство

5
Смешни животински маски

8
Часовник на чувства

10
Го моделирам мојот пријател

11
Го изработувам моето омилено место

15
Моите убави камчиња

16
Нашиот клас црта

17
Ние правиме комета

18
Лепорело – ние сме исти, ние сме различни

# Алка на пријателство




**Еве како да ја направите:**

1. Земете две парчиња волница во различни бои и пресечете ги со должина од 50 см.
2. Дајте му на друго дете да го држи другиот крај.
3. Усукајте ги двете ленти заедно. Не ги испуштајте.
4. Кога се доволно цврсти, ставете прст на средина и преклопете ги.
5. лентите ќе се преклопат.
6. Направете јазол на двата краја. Вашата алка е готова!















# Смешни животински маски

**1.**
Наставникот ги објаснува смешните животински маски. Им покажува примери од овие маски (стр. 6,7) и ги остава учениците да ги именуваат животните. Потоа ги поттикнува учениците да одлучат која животинска маска сакаат да ја изработат.

**2.**
Наставникот подготвува чинии од хартија или дебел картонски круг, акварели, лепак и работи кои треба да се залепат на маската (пердуви, хартија во боја, волна итн.) Исто така може да се користи шаблонот на страна 6 и 7.

**3.**
Учениците работат во групи од по четворица со помош од родител.

**4.**
Наставникот ги дава следниве насоки (родителите помагаат):

**а)** Наставникот почнува да ги
**б)** Нацртајте кругови за дупчиња за очите
**в)** Пресечете ги дупчињата за очите
**г)** Обојте ја маската
**д)** Украсете ја маската
**ѓ)** Направете дупчиња за конче или ластик
**е)** Напишете го името во внатрешноста на маската

**5.**
Учениците со завршените маски седат во круг заедно со наставникот и родителите.

**6.**
Секое дете може да ја стави својата маска.



# Смешни животински маски



# Смешни животински маски



# Часовник на чувства

**1.**
Наставничката покажува слика на дете кое утешува друго дете и дискутира за сликата со учениците.

**2.**
Им го преставува часовникот на чувства (модел на стр. 9) Учениците ги погодуваат чувствата (погледни го моделот).

**3.**
Со помош на часовникот, наставничката им кажува на учениците како таа се чувствува денес. Таа покажува различни чувства и ја движи раката на часовникот додека зборува: „Денес сум среќна бидејќи времето е убаво и затоа што можам да ве видам сите. Си ја сакам работата и сакам да ве учам. Малку сум тажна бидејќи мојот брат живее далеку. Тој живее во Италија. Исто така, ова утро бев малку уплашена, бидејќи ме пресретна големо куче на улица. Тоа лаеше на мене и се чинеше дека е доста луто“.

**4.**
Потоа, учениците одат до наставничката, и тие со движење на раката на часовникот кажуваат како се чувствуваат.

**5.**
Учениците работат самостојно: Тие изработуваат свој часовник и ги бојат различните чувства со бојата која ја сакаат, пример жолто за среќа, сиво за тага, зелено за гордост итн.

**6.**
Едно дете означува чувство на часовникот, а друго дете треба да искаже реченица за тоа чувство.



# Часовник на чувства





# Правам модел на мојот пријател

**1.**
Земи пакување со пластелин од својот наставник и сподели го со своето другарче.

**2.**
Ќе го моделираш својот пријател. Кој пријател ќе го одбереш? Како тој/таа изгледа?

**3.**
Започни со моделирањето, дел по дел.

**4.**
Напиши краток опис за твојот пријател на мала картичка.

**5.**
Покажи му на твојот пријател што имаш изработено (доколку тој/таа е од истата паралелка) и изложи ги твоите фигури на предната страна од масата.



# Го изработувам моето омилено место

**1.**
Размисли за твоето омилено место:
Ќе го изработиш.

**2.**
За ова потребни се следните материјали: кутија (може кутија за чевли или било каква друга кутија), хартија, лепило, парчиња ткаенина, ножици, водени или темпери бои. Доколку немаш кутија за чевли, може да направиш и кутија, од картон и хартија.

**3.**
Направи план како сакаш да го изработиш омиленото место. На страна 12, направи скица од местото.



## Го изработувам моето омилено место

Ова е скицата на моето/мојата:

Ќе ги употребам овие материјали:

# Го изработувам моето омилено место

## Листа со насоки

**1.**
Започнете со изработка на вашето омилено место.

**2.**
Земете ги материјалите кои ви се потребни и поставете ги на масата.

**3.**
Запомнете дека треба да ги споделувате материјалите доколку некој друг има потреба од истите материјали.

**4.**
Работете самостојно. Откако ќе завршите, запишете го вашето име на изработката од вашето омилено место.

**5.**
Покажете го својот резултат на наставникот.

**6.**
Поставете ја изработката на масата во предниот дел на училницата.



# Го изработувам моето омилено место

## Фотографија/цртеж на моето омилено место

**1.**
Фотографирајте го вашето омилено место со мобилен телефон или со обичен фотографски апарат. Место тоа, може да направите цртеж со слободна рака.

**2.**
Користете ја сликата од екранот како модел за да го нацртате вашето место на парче хартија.

**3.**
Не заборавајте да го понесете со себе на училиште!



# Моите убави каменчиња

1. Наставничката/наставникот држи две каменчиња во рацете и им чита поема на децата:

   **Моите убави каменчиња**
   Имам три каменчиња убави и кружни
   Тие не изгледаат исто.
   Тие ми се омилените од сите што ги имам најдено.
   Со нив ќе ја играме играта.

2. Наставничката/наставникот излегува надвор со децата да соберат каменчиња (по три за секое дете). Кога ќе се вратат во училницата се подготвуваат боја, вода и четки за сликање. Децата обојуваат две каменчиња во иста боја. Третото камче има друга боја. Наставникот на каменчињата со траен маркер ги пишува имињата на децата. Тие ја играат играта „Боциа". На почеток, сите почнуваат да играат сами. Каменчето со поинаква боја се фрла пред детето. Потоа оние камчиња со иста боја се фрлаат што е можно поблиску до првото. Каменчињата со иста боја мора да се фрлат што е можно поблиску до она со различна боја. Децата потоа играат во парови. Кој ќе победи? Правилата се дискутираат: Нема фрлање по други деца, најдалеку се фрла неколку метри пред детето, не се фрла премногу силно итн.

3. По 15 минути играње децата седнуваат во круг со нивните каменчиња. Ги држат во своите раце. Наставничката/наставникот ја рецитира поемата уште еднаш. Децата ја рецитираат заедно со неа/него.



# Нашата паралелка црта

**1.**
Учениците седат во круг. Наставникот дискутира со учениците за „мозаик“. Може да остави мало парче хартија на подот за демонстрација.

**2.**
Ја објаснува задачата - изработка на заеднички цртеж. Нагласува дека секој ќе изработи едно парче од мозаикот.

**3.**
Покажува еден лист хартија и дава инструкции: „Имате право да го изработите баш како што сакате. Постои само едно правило: Мора да употребувате бои и да ги поставувате боите на начин како што сакате на вашиот цртеж. Не цртајте форми како на пример топка или куќа итн.“

**4.**
Децата цртаат самостојно. Наставникот го запишува нивното име на задната страна од цртежот.

**5.**
Наставникот и учениците ги составуваат сите цртежи во една голема слика (можеби на под). Заедно дискутираат на што наликува големата слика.

**6.**
Наставникот наоѓа простор да ја закачи на видливо место големата слика (доколку е можно).



# Ние правиме Комета

**1.**

Наставникот ги прашува учениците, дали знаат што е комета. Тие дискутираат, а наставникот објаснува.

**2.**

Децата изработуваат комета: седат во група од четворица. Во секоја група има еден родител за помош.

- Секое дете зема три листови хартија и ги витка заедно за да формира топка.
- Околу топката неколку пати за да се става јаже и леплива лента за да се зацврсти.
- Се сечат ленти од хартија во боја, крпа или пластични кеси.
- Лентите се лепат на топката со леплива лента.
- Околу топката се става кеса (од стари пластични кеси) (приближно 30 см × 30 см).
- Со конец се прицврстува пластичната кеса и се стега на „вратот“ од кометата. Вишокот на пластичната кеса може да се отсече.
- Родителот помага да се напише името на детето

**3.**

Фрлање на кометата: Сите излегуваат надвор. Децата стојат во линија и ја фрлаат кометата на знак 1,2,3 – сега!



# Лепорело
## ние сме исти, ние сме различни

**1.**
Наставничката ги воведува во задачата за изработка на цела паралелка деца од хартија. Учениците ќе направат „синџир од хартиени деца“. Таа прикажува како се изработува.




**2.**
Учениците го изработуваат „синџирот од хартиени деца“ и го бојат (во групата со две или четири деца секогаш има еден родител)

**3.**
Откако ќе завршат, синџирот се поставува на маса или се лепи на табла за сите да го видат. Наставничката го потенцира фактот дека сите деца се различни, но припаѓаат заедно.



# Лепорело
## ние сме исти, ние сме различни

